



# Дневен извештај за финансиските пазари

- ПМИ индекси за Кина, еврозоната и УС
- Нова аукција на ДЗ и ДО на МинФин

**Интервалутни курсеви во 09:30 ч.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **EURUSD** | 1.3615 | **XAU** | 1244.14 |
| **EURCHF** | 1.2213 | **XAG** | 18.74 |
| **EURAUD** | 1.4725 | **Brent** | 110.78 |
| **EURGBP** | 0.8127 | **Copper** | 6970 |
| **EURJPY** | 138.86 | **Nickel** | 18750 |
| **USDJPY** | 101.98 | **Zink** | 2047 |




Кинескиот PMI индекс за производство забележа благ пораст од 50,4 во април на 50,8 за мај, што се смета за позитивно затоа што ја поправа сликата за економијата, која преминува од фаза на релативно стабилна во фаза на умерен раст. Подобрувањето на економската ситуација во Кина влијае позитивно врз т.н emerging економии и допринесува за зголемување на цените на стоките, посебно базните метали.

По се изгледа дека Крим и официјално ја воведе руската рубља за единствена важечка валута, а ја напушти украинската хривнија. Минатата недела Русија, заедно со Казахстан и Белорусија потпиша договор за основање на Евроазиска економска унија. Се очекува кон крајот на годината на унијата да и се приклучат и Киргистан и Ерменија.

Прометот на домашниот девизен пазар во петокот изнесуваше ЕУР 27,9 млн. На интербанк пазарот се тргуваше во износ од ЕУР 2,7 млн. на цени од 61,64 и 61,72 . На пазарот на депозити се тргуваше на рок преку ноќ со износ од МКД 55,000,000 и каматна стапка од 1,80% .

**Референтни каматни стапки**

| Валута 3/6 | o/n | 1 week | 1 m | 3m | 6m | 12m |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Libor USD | 0,08660 | 0,11900 | 0,15100 | 0,22740 | 0,32190 | 0,53440 |
| Libor CHF | -0,0020 | -0,0100 | -0,0080 | 0,01200 | 0,06440 | 0,18040 |
| Euribor | 0,448 | 0,242 | 0,251 | 0,311 | 0,397 | 0,572 |
| Skibor | 1,80 | 2,20 | 2,67 | 3,14 | 3,58 | 4,53 |

Филм- Најновиот филмски проект на оскаровката Анџелина Џоли, Maleficent се искачи на врвот од бокс офисот во С. Америка по само еден викенд на прикажување во кино-салите откако заработи неверојатни 70 милиони долари. Maleficent и покрај тоа што доби различни критики од филмските критичари беше издвоен по одличниот визеуелен изглед на самата актерка во филмот, а тој успеа да го симне од врвот минатонеделниот шампион X-Men Days Of Future Past кој пак сега заработи додатни 32 милиони долари. На третата позиција на бокс офис листата се најде уште еден новитет, A Million Ways To Die In The West, најновата комедија на Сет Мекфарланд со уште една оскаровка во главната улога, Шарлиз Терон.

### Берзи

| Индекси | 2/6/14 | 30/5/14 | 1/1/14 |
|---|---|---|---|
| DAX | 9943,27 | 0,04 | 4,59 |
| Dow Jones | 16717,17 | 0,11 | 0,85 |
| FTSE | 6844,51 | -0,39 | 1,71 |
| Nikkei 225 | 14938,37 | 2,09 | -8,30 |
| Hang Seng | 23081,65 | 0,14 | -1,11 |
| MBI- 10 | 1759,2 | 1,58 | 2,93 |

### 10- годишни државни обврзници

| земја | 10 години цена | 10 години принос |
|---|---|---|
| **US** | 100,2031 | 2,476757 |
| **В. Британија** | 97,38 | 2,5695 |
| **Канада** | 102,262 | 2,246 |
| **Германија** | 101,445 | 1,344 |
| **Франција** | 100,19 | 0,173 |
| **Италија** | 113,165 | 2,957 |
| **Шпанија** | 108,13 | 2,846 |
| **Грција** | 78,73 | 6,273 |
| **Македонија** | 100 | 5,00 |

Иако финансиските пазари се во исчекување на состанокот на ЕЦБ во четврток и објавувањето на податоците за американскиот пазар на труд во петок, сепак и денес има одреден број на економски индикатори кои би можеле да предизвикаат поинтензивно тргување. Така, утринава беа објавени податоците за PMI индексите за Италија, Шпанија, Франција, Германија и еврозоната, кои беа нешто под очекувањата заради намалената извозна активност поради падот на економиите на US и Кина во Q1 и високиот курс на еврото. Финансиските пазари сеуште не се сосема сигурни што точно може да се очекува од ЕЦБ неделава, но сепак се позиционирани за натамошно олабавување на монетарната политика под влијание на говорите на Марио Драги и останатите членови на бордот на ЕЦБ во последно време.

МинФин објави Проспект за аукцијата на државни записи и обврзници која ќе се одржи утре. Овој пат се понудени хартии со 7 рочности: 6-месечни ДЗ без девизна клаузула и стапка од 3,15%, 6- месечни ДЗ со девизна клаузула и камата од 3,10% и 12- месечни ДЗ без клаузула и стапка од 3,60%. Од ДО понудените за продажба се со рочност од: 2 години и принос од 4%, потоа 5- годишни со евро- клаузула и принос од 4,60% и 10- годишни ДО со и без клаузула со приноси 5% односно 5,30%.

### Индикативни цени на државни записи на секундарен пазар

| Датум на аукција | Ознака на аукција | Датум на доспевање | Денови до доспевање | Каматна стапка | Девизна клаузула | Куповен принос на СБ | Продажен принос на СБ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18-Jun-13 | ДЗ2013/08а-350 | 4-Jun-14 | 2 | 3,60% | - | 3,50% | 3,00% |
| 18-Jun-13 | ДЗ2013/09-350dk | 4-Jun-14 | 2 | 3,40% | dk | 3,50% | 3,00% |
| 29-Oct-13 | ДЗ2013/16а-350 | 15-Oct-14 | 143 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | ДЗ2013/30-182dk | 6-Jun-14 | 4 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 3-Dec-13 | ДЗ2013/29-182 | 6-Jun-14 | 4 | 3,15% | - | 3,20% | 3,00% |
| 25-Feb-14 | ДЗ2014/02-364 | 25-Feb-15 | 275 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/05-182 | 29-Oct-14 | 149 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06-182dk | 29-Oct-14 | 149 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 29-Apr-14 | ДЗ2014/06а-350 | 15-Apr-15 | 317 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/08-182dk | 5-Nov-14 | 156 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-182 | 5-Nov-14 | 156 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 6-May-14 | ДЗ2014/07-364 | 6-May-15 | 334 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/09-182 | 19- Nov-14 | 170 | 3,15% | - | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/10-182dk | 19- Nov-14 | 170 | 3,10% | dk | 3,15% | 3,00% |
| 20-May-14 | ДЗ2014/08-364 | 21- May-15 | 352 | 3,60% | - | 3,60% | 3,00% |

**Поважни економски индикатори за Г7 земјите**

| | | |
|---|---|---|
| 09:50 | Ger | Markit manufacturing PMI |
| 10:00 | EU | Markit manufacturing PMI |
| 14:00 | Ger | CPI |
| 15:45 | US | Markit manufacturing PMI |
| 16:00 | US | ISM manufacturing index |
| 16:00 | US | Construction spending |

За подетални информации обратете се во Дирекцијата за тргување и девизен пазар на следниве контакт лица:

Билјана Јованоска тел. 3295- 109; e- mail: biljana.jovanoska@stb.com.mk
Сашо Радевски тел: 3295- 108; e- mail: saso.radevski@stb.com.mk
Коста Шорко тел. 3295- 107; e- mail: kosta.sorko@stb.com.mk

Правни напомени:

Оваа публикација ја издава Стопанска Банка АД Скопје и е наменета за нејзините клиенти. Информативниот карактер на оваа публикација значи дека таа не може да служи како замена за сопствените проценки на било кој читател на оваа публикација. Информациите, мислењата, заклучоците, прогнозите и проекциите кои се изнесени во оваа публикација се засноваат на јавно достапни извори на податоци (Блумберг и Ројтерс) кои Банката ги користи, но за кои не гарантира.
Според тоа, Банката не сноси никаква одговорност за бизнис одлуките на клиентите кои се базираат на оваа публикација.